**ПОКАНА**
**за учество на тематска работилница:**

# МЕХАНИЗМИ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ, ВКЛУЧУВАЈЌИ И РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА

**(1 ноември во Хотел „City Park“ – Скопје)**

Меѓународно признаените стандарди за проценка на ризици во работењето, вклучувајќи ги и ризиците од корупција, упатуваат на **„воспоставување ефективни системи за управување со ризиците“**, како и **„транспарентност и отчетност“** во управувањето со јавните финансии. Проценката на ризиците е подеднакво **значајна за организациите од јавниот и приватниот сектор.** За таа цел, разработени се разни методологии и пристапи, кои, главно, се засноваат на самопроценка од страна на организациите. Работилницата ќе овозможи **запознавање со методологијата** што се применува согласно **Законот за јавна внатрешна финансиска контрола**, надградена со насоките за проценка на ризици од корупција изготвени од **UNODC** за потребите на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата.

Самиот **пристап за утврдување на ризиците** се спроведува во две фази: дијагностика и изнаоѓање соодветни решенија за намалување и отстранување на ризиците во работењето на организациите.

При проценката на ризиците, следниве **категории ризици** може да бидат дефинирани: стратегиски, оперативни, организациски, финансиски, како и ризици што се однесуваат на усогласеноста, ефикасноста и репутацијата, и други ризици.

Самата проценка на ризиците се заснова на повеќе **методолошки чекори**:

- Квантифицирање на ризиците
- Проценка на ефикасноста на постојните контроли за намалување на ризиците
- Проценка на ефектот од планираните контроли за намалување на ризиците
- Дефинирање на т.н. таргетиран ризик, односно ниво на ризик што се смета како толерантно откако сите контроли се воспоставени и ефикасни.

Оваа работилница има за цел да го образложи **значењето на проценката на ризиците во работењето**, **начините на кои може да се спроведе проценката**, **мерките и активностите за намалување на ризиците**, **следењето и ажурирањето на ризиците** и **соодветните активности**.

Конкретно, на работилницата, преку презентации, практични примери и дискусија, ќе бидат опфатени следниве **теми и прашања**:

- Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор со посебен осврт на управувањето со ризиците:
  - Утврдување на ризиците / начин на постапување; видови ризик: стратешки, оперативен, организационен, ризик од неусогласеност, ризик од неизвршување, финансиски, репутациски, друг ризик;


ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
**e-mail:** info@simpozion.mk
**тел.:** 078 271 576
**www.simpozion.mk**

- Проценка на ризиците;
- Постапување со ризиците;
- Дефинирање на прифатливо ниво на ризиците;
- Следење и известување за ризиците.

- Клучни активности за подготвување на стратегијата за управување со ризици и нејзина поврзаност со проценката на ризици од корупција и судир на интереси
- Постои ли потреба од дополнителна методологија за проценка од ризик на корупција / меѓународни истражувања / препораки.

Работилницата ќе овозможи **лицата кои работат на проценка на ризици во нивните организации** да се здобијат со **дополнителни сознанија за целата постапка**.

Истовремено, темите ќе бидат од **особена корист и за вработените во јавниот или приватниот сектор,** со цел да им помогне во дилемите и размислувањата за ризиците во работењето, нивната проценка, приоретизација и мерки за намалување.

Почитувани, Ве информираме дека имате можност, со котизација од **4.950 денари + 18% ДДВ** да учествувате во оваа исклучително интересна и полезна тематска работилница. Котизацијата вклучува кафе-пауза, ручек, сертификат за учество, работен материјал од обуката, како и континуирана директна комуникација со предавачите.

За две или повеќе пријавени лица од иста институција, **следува попуст од 10%.**

**Заради квалитетот на работилницата, бројот на учесници е ограничен.** Затоа, доколку сакате да бидете дел од истата, Ве молиме да го пополните пријавниот лист што Ви го испраќаме во прилог (истиот го има и на нашата веб страна: http://simpozion.mk/), најдоцна **до 30 октомври 2018г**. и да го испратите на следната електронска пошта: info@simpozion.mk

**Информации за уплата на котизација за работилницата**:

Примач: СИМПОЗИОН ДОО – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
ДБ за ДДВ: МК4080016561868
**Контакт тел. бр:** 078 271 576

**А Г Е Н Д А**
**за учество на тематска работилница:**

**МЕХАНИЗМИ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ, ВКЛУЧУВАЈЌИ И РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА**

**(1 ноември во Хотел „City Park“ – Скопје)**

**09.45–10.00** Пристигнување и регистрација на учесниците.

**10.00–11.00** Меѓународни стандарди за проценка на ризици во работењето вклучувајќи ги и ризиците од корупција (UNCAC, UK Bribery Act, ISO 37001), компаративни модели и практики.

Прашања и дискусија.

**11.00–11.30** Кафе-пауза.

**11.30–12.30** Кои се стандардите за внатрешна контрола согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со посебен осврт на управувањето со ризиците: утврдување на ризиците и начин на постапување; видови ризици.

Прашања и дискусија.

**12.30–13.30** Пауза за ручек

**13.30–15.00** Процедури за проценка на ризиците; постапување со ризиците; дефинирање на прифатливо ниво на ризиците; следење и известување за ризиците. Клучни активности за подготвување на стратегијата за управување со ризици и нејзина поврзаност со проценката на ризици од корупција и судир на интереси. Практична работа за проценка на ризиците.

Прашања и дискусија.

**НАПОМЕНА:**
Можни се измени во Агендата, согласно потребите на учесниците и развиените дискусии за време на работилницата.

## Предавачи

Предавачи на оваа обука се практичари со долгогодишно искуство за стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор со посебен осврт на управувањето со ризиците, меѓународните стандарди и практики во областа на проценка на ризиците од корупција во работењето и во спроведувањето на обуки од оваа тема.